С Л У Ж Б Е Н Г Л А С Н И К
НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

Службен гласник на Општина Велес
Излегува по потреба

Број 19 година XLIV

16 декември 2008

296.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за утврдување на Нацрт-Буџет на Општина Велес за 2009 година

Се објавува Заклучокот за утврдување на Нацрт-Буџет на Општина Велес за 2009 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 12.12.2008 година.

Број 08-6414/1
16.12.2008 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 12.12.2008 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за утврдување на Нацрт-буџет на Општина Велес за 2009 година

1. Советот на Општина Велес го утврди Нацрт-буџетот на Општина Велес за 2009 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-6368/1
12.12.2008 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

297.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучокот за донесување на Програма за одржување на јавната чистота на територијата на Општина Велес за 2009 година

Се објавува Заклучокот за донесување на Програма за одржување на јавната чистота на територијата на Општина Велес за 2009 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 12.12.2008 година.

Број 08-6414/2
16.12.2008 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 12.12.2008 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за донесување на Програма за одржување на јавната чистота на територијата на Општина Велес за 2009 година

1. Советот на Општина Велес донесе Програма за одржување на јавната чистота на територијата на Општина Велес за 2009 година.

2 . Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-6368/2
12.12.2008 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

Врз основа на член 12 од Законот за јавна чистота (“Службен весник на РМ” бр. 111/08), член 41 од Законот за управување со отпад (“Службен весник на РМ” бр. 68/2004, 71/2004, 107/2007, 102/2008 и 143/2008), член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ” бр. 5/02) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес” бр.12/06), а согласно член 5 од Одлуката за одржување на јавната чистота на територијата на Општина Велес (“Службен гласник на Општина Велес” бр. 15/08) ,

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 12.12.2008г. ја донесе следната

П Р О Г Р А М А
ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНАТА ЧИСТОТА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ВЕЛЕС ЗА 2009 ГОДИНА

I.СТРАТЕШКА ЦЕЛ

Програмата на Општина Велес за одржување на јавната чистота е насочена кон одржување на јавната чистота на јавните површини и на отворените простори на јавните објекти, заради обезбедување на поквалитетни услови за живот на граѓаните и почиста животна средина во општината.

II.ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Општа цел на Програмата е да се обезбеди редовно чистење (метење и миење) на јавните повшини и отворените простори на јавните објекти, како и одржувањето на снегот и мразот во зимски услови.

Со оваа програма:

-Се утврдува територијата, распоредот и фреквенцијата за одржување (метење и миење) на јавните површини и отворените простори на јавните објекти;

-Се утврдуваат основните начини на вршење на работите за одржување на јавната чистота;

-Се утврдува надзор во спроведувањето;

-Се утврдува начинот на финансирање.

III. ПРЕДМЕТ НА ПРОГРАМАТА

Одржување на јавната чистота на територијата на Општина Велес ќе ги опфати:

- јавните површини (улици, тротоари, пристапни патишта, плоштади и уредени отворени простори, крајбрежја, подвозници, надвозници, мостови, паркинг простори, скалила кои ги поврзуваат површините за јавен сообраќај, видиковци, автобуски стојалишта и такси станици, гробишта, јавни санитарни јазли, пазари).

Одржувањето на јавната чистота во парковските површини и градско зеленило не е дел од оваа Програма, туку дел од Програмата за одржување и уредување на градското зеленило.

Во спроведувањето на Програмата се изведуваат следните активности:

-рачно метење на јавните површини,

-машинско чистење на улиците од наноси на земја после врнежи од дожд,

-миење на јавните површини со цистерна,

-собирање и транспортирање на отпадот од одржување на јавната чистота и негово транспортирање на општинската комунална депонија,

-рачно чистење на снегот и мразот во зимски услови.

Согласно програмата ќе се врши метење на: улици, паркинг простори, плоштади, мостови, видиковци, надвозници и подвозници, пристапни патишта кон градот, јавни скалила кои поврзуваат две улици, крајбрежја, јавни санитарни јазли, пазари и гробишта, автобуски стојалишта и такси станици; миење на улици и паркинг простори; рачно чистење на снег и мраз во зимски услови; со вкупна ефективна површина на одржување од 12.895.438 м2.

IV.ИЗВЕДУВАЧ НА ПРОГРАМАТА

Програмата за одржување на јавната чистота ќе ја изведува ЈКП “Дервен”.

V.АКТИВНОСТИ

При утврдување на јавните површини кои ќе се одржуваат со оваа Програма земени се во предвид: густината на населеност, фреквенцијата на граѓани и сообраќај, социјалните, културните и воспитно-образовните објекти.

VI. ДИНАМИКА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

VI.1. МЕТЕЊЕ НА ЈАВНИТЕ ПОВРШИНИ

1. МЕТЕЊЕ НА УЛИЦИ

А. Метење на улиците секој ден освен во недела
Од 7.00 – 14.00 часот во зимски период
Од 4.00 – 11.00 часот во летен период, освен улицата Благој Ѓорев (од Пошта до ул. Ленинова) која ќе се чисти и во попладневните часови од 17.00 – 19.00 часот
Изведувачот е должен да ги празни и корпите за отпадоци на јавните површини

УЛИЦА	ОПИС	ЕФЕКТИВНА ПОВРШИНА ($м^2$)
Маршал Тито	од Пошта до Стара аптека	2000
Алексо Демниевски	од Пошта до Жито Вардар	800
Благој Ѓорев	од Пошта до ул. Ленинова	2200
Благој Ѓорев	од ул. Ленинова до гаража на ЈКП Дервен	2200
Страшо Пинџур	/	200
Гоце Делчев	/	400
Илинденска	до мост Гемиции	300
Петре Прличко	од Стар мост до хотел Вила Зора	1140
Димитар Влахов	од Градски пазар до Железен мост	2900
Панко Брашнар	/	360

Б. Метење на улиците три пати седмично
Од 7.00 – 14.00 часот во зимски период
Од 4.00 – 11.00 часот во летен период
Изведувачот е должен да ги празни и корпите за отпадоци на јавните површини

УЛИЦА	ОПИС	ЕФЕКТИВНА ПОВРШИНА ($м^2$)
Ленинова	од спој со ул. Алексо Демниевски до спој со ул. Благој Ѓорев	1400
Марксова	/	800
Никола Карев	/	700
Наум Наумовски Борче	од спој со ул. Алексо Демниевски до спој со ул. Благој Ѓорев	400

В. Метење на улиците два пати седмично
Од 7.00 – 14.00 часот во зимски период
Од 4.00 – 11.00 часот во летен период
Изведувачот е должен да ги празни и корпите за отпадоци на јавните површини

УЛИЦА	ОПИС	ЕФЕКТИВНА ПОВРШИНА ($м^2$)
Лазо Осмаков	/	1600
11 Октомври	/	250
Алексо Демниевски	од Жито Вардар до Железничка станица	1100
Кумановска	/	600

Г. Метење на улиците еднаш седмично
Од 7.00 – 14.00 часот во зимски период
Од 4.00 – 11.00 часот во летен период

Изведувачот е должен да ги празни и корпите за отпадоци на јавните површини

УЛИЦА	ОПИС	ЕФЕКТИВНА ПОВРШИНА ($м^2$)
Димко Најдов	од Стар мост до видиковец (вклучува и чистење на канал од десната страна на улицата)	1000
Владимир Назор	/	900
Самоборска	/	250
Кирил и Методиј	од ООУ Кирил и Методиј до црква Свети Пантелејмон	500

Д. Метење на улици еднаш месечно
Од 7.00 – 14.00 часот во зимски период
Од 6.00 – 13.00 часот во летен период

Изведувачот е должен да ги празни и корпите за отпадоци на јавните површини

УЛИЦА	$м^2$
Вардарска	1700
Цар Самоил	240
Коле Неделковски	200
Крсте Мисирков	400
4ти Јули	250
1ва Комуна	400
Васил Ѓоргов	900
Костурска	870
8ма Велешка бригада	300
Тодор Јанев	400
ЈКК Џинот	300
Прохор Пчински	500

Орце Мартинов	600
Васил Главинов	900
Индустриска	1200
Андон Шурков – Комплекс УЗУС	800
Моша Пијаде (до надвозник на ул. Индустриска)	1600
Енгелсова	1700
Никола Оровчанец	1000
9ти Ноември	500
Кочо Рацин	200
Белградска	1500
Луј Пастер	1000
Љубљанска	200
Јован Алабаков	150
Ганчо Хаџи Панзов	1500

2. МЕТЕЊЕ НА ПАРКИНГ ПРОСТОРИ

Метење на паркинг просторите се врши два пати седмично

ОПИС	$м^2$
Паркинг до Основен суд	1500
Паркинг до Градски пазар	1300
Паркинг до Саат кула	300
Паркинг спроти касарна Алексо Демниевски Бауман	250
Паркинг на Прва комуна	250
Паркинг спроти библиотека Гоце Делчев	750
Паркинг на пазар во Нова населба	250

3.МЕТЕЊЕ НА ПЛОШТАДИ И УРЕДЕНИ ОТВОРЕНИ ПРОСТОРИ

ОПИС	ВРЕМЕНСКИ ПЕРИОД	ЕФЕКТИВНА ПОВРШИНА ($м^2$)
Плоштад Сармаале	секој ден	опфатен со метење на ул. Маршал Тито
Уреден простор Гимназија	секој ден	опфатен со метење на ул. Благој Ѓорев
Плоштад Панко Брашнар	еднаш седмично	опфатен со метење на ул. Благој Ѓорев
Уреден простор Народна кујна	еднаш седмично	300
Плоштад Којник	два пати месечно	450
Простор кај Варналиите	еднаш месечно	150
Простор кај Соколаана	еднаш месечно	220

4.МЕТЕЊЕ НА ВИДИКОВЦИ

Метењето на видиковците ќе се врши по степен на загаденост и по потреба

ОПИС	ЕФЕКТИВНА ПОВРШИНА ($м^2$)
Видиковец Димко Најдов	12
Видиковец Никола Карев	12
Видиковец кон Којник	12
Видиковец Игманска	12

5. МЕТЕЊЕ НА МОСТОВИ

Метењето на мостовите се врши секој ден

ОПИС	ЕФЕКТИВНА ПОВРШИНА ($м^2$)
Стар мост	120
Мост Гемициии	200
Мало мовче	90
Железен мост (по реконструкција)	/

6.МЕТЕЊЕ НА НАДВОЗНИЦИ И ПОДВОЗНИЦИ

Метењето ќе се врши еднаш неделно

ОПИС	ЕФЕКТИВНА ПОВРШИНА ($м^2$)
Надвозник над Битолска пруга	45
Подвозник кон Мало мовче	70
Подвозник ЈП Парк спорт	75

7.ЧИСТЕЊЕ НА ПРИСТАПНИ ПАТИШТА КОН ГРАД ВЕЛЕС

Чистењето ќе се извршува 4 пати во годината

ОПИС	ЕФЕКТИВНА ПОВРШИНА ($м^2$)
Влез во Велес од Штипско џаде од Костурница до Железен мост	1000
Влез во Велес од Ветекс	2000
Влез во Велес од манастир Свети Димитрија + генерално чистење за празник Балаклија	1000

8.ЧИСТЕЊЕ НА СКАЛИЛА КОИ ПОВРЗУВААТ ДВЕ УЛИЦИ

ОПИС	ФРЕКВЕНЦИЈА	ЕФЕКТИВНА ПОВРШИНА ($м^2$)
Скалила кои ги поврзуваат ул. Илинденска и Петре Прличко	еднаш седмично	40
Скалила кои ги поврзуваат ул. Благој Ѓорев и Поликлиника УРЕД	еднаш седмично	120
Скалила кои ги поврзуваат ул. Маршал Тито и ул. Владимир Назор	еднаш месечно	45
Скалила кои ги поврзуваат ул. Васил Главинов и Благој Ѓорев	4 пати во годината	20
Скалила кои ги поврзуваат ул. Борис Карпузов и Шефки Сали	4 пати во годината	120
Скалила кон Којник	еднаш месечно	15

6.ЧИСТЕЊЕ НА КРАЈБРЕЖЈА

ОПИС	ВРЕМЕСКИ ПЕРИОД
Лев и десен брег на река Вардар од Железен мост до Стар мост	- јуни - август - октомври - април
Крајбрежје на езеро Младост	- април - 3 мај - по завршување на сезона за капење (септември)
Пристап кон Бабуна до Први вир	- по завршување на сезона за капење (септември)
Дервенски поток	- јуни - август - ноември - април

10.ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНИ САНИТАРНИ ЈАЗЛИ
Одржувањето е редовно согласно санитарно-хигиенските прописи.
Финансирањето не е дел од оваа Програма.

ОПИС	/
Санитарни јазли на ул. Илинденска	/
Санитарни јазли на ул. Петре Прличко	/

6.МЕТЕЊЕ НА ПАЗАРИ
Метењето на пазарите започнува од 14.00 часот во пазарни денови:
вторник, петок и недела
Финансирањето не е дел од оваа програма.

ОПИС	ЕФЕКТИВНА ПОВРШИНА ($м^2$)
Градски пазар	3954
Пазар во Нова населба	1100

12. ОДРЖУВАЊЕ НА ГРОБИШТА

Одржувањето на гробиштата ќе се врши согласно Одлуката за управување и одржување на градските гробишта.

Генерално чистење на гробиштата ќе се спроведе една седмица пред верските празници Велики поклади (Прочка), Велигден, Задушница, Божиќ, Голема Богородица.

Финансирањето не е дел од оваа програма.

13. МЕТЕЊЕ НА АВТОБУСКИ СТОЈАЛИШТА И ТАКСИ СТАНИЦИ

Метењето на стојалиштата и станиците е во рамките на одржувањето на улиците. Затоа овде е изоставена ефективната површина за метење.

Финансирањето е опфатено во ставката метење на улици.

АВТОБУСКИ СТОЈАЛИШТА	ТАКСИ СТАНИЦИ
Долни дуќани	Хотел Вила Зора
Основен суд	Градски пазар 1
Библиотека Гоце Делчев	Градски пазар 2
Жито Вардар	Автобуска станица
ЈПССДП (СИЗ за домување)	Малина
Споменик Бауман	Долни дуќани
Касарна	Тутунска банка
Детска градника клон 4	Стоковна куќа
Комплекс загради Т2 (од двете страни на улицата)	Фонтана центар
Трговски Нова Населба	Народен музеј
Благој Ѓорев (спроти Сако трејд)	Македонски телекомуникации
Дом на АРМ	АРМ
Сармаале	Ерик
/	Гламур
/	Гимназија Кочо Рацин
/	Ара
/	АГРИА
/	Трговски центар
/	Болница
/	УЗУС
/	Железничка станица
/	Општина

VI.2. МИЕЊЕ НА ЈАВНИТЕ ПОВРШИНИ

Миењето на улиците се извршува од 22.00-6.00 часот во летниот период од1 април до 31 октомври.

ДЕНОВИ	УЛИЦИ	м^2
Понеделник	- "Благој Ѓорев" од почеток до ул."Ленинова"	12100
	- "Маршал Тито"	10400
	- "Алексо Демниевски"-од почеток до Пензионерски дом	6050
	- "Страшо Пинџур"	1000
	- "Гоце Делчев"	2000
	- "Илинденска"	1500
	- "Наум Наумовски Борче" и "Вардарска" до ЈКП Дервен	3000
	- Паркинг плац до Саат кула	300
Вторник	- "Маршал Тито"	10400
	- "Страшо Пинџур"	1000
	- "Гоце Делчев"	2000
	- "Илинденска"	1500
	- "Димитар Влахов" од железен мост до градски пазар	17400
	- "Петре Прличко" од Малина до крај	6270
Среда	- "Маршал Тито"	10400
	- "Страшо Пинџур"	1000
	- "Гоце Делчев"	2000
	- "Илинденска"	1500
	- "Ленинова"	8400
	- "Марксова"	4000
	- "Никола Карев"	2450
	- "Моша Пијаде"	5400
	- "Енгелсова"	1400
	- "Панко Брашнар"	1260
Четврток	- "Благој Ѓорев" од почеток до ул."Ленинова"	12100
	- "Маршал Тито"	10400
	- "Алексо Демниевски"-од почеток до Пензионерски дом	6050
	- "Страшо Пинџур"	1000
	- "Гоце Делчев"	2000
	- "Илинденска"	1500
	- "Наум Наумовски Борче" и "Вардарска" до ЈКП Дервен	3000
	- Паркинг плац до саат кула	300
Петок	- "Маршал Тито"	10400
	- "Страшо Пинџур"	1000
	- "Гоце Делчев"	2000
	- "Илинденска"	1500
	- "Димитар Влахов" од железен мост до градски пазар	17400
	- "Петре Прличко" од Малина до крај	6270
Недела	- "Маршал Тито"	10400
	- "Страшо Пинџур"	1000
	- "Гоце Делчев"	2000
	- "Илинденска"	1500
	- "Благој Ѓорев" од почеток до патот кон филтерница	24200

МИЕЊЕ НА УЛИЦИ СЕКОЈА ВТОРА СЕДМИЦА

ДЕНОВИ	УЛИЦИ	$м^2$
Понеделник и Четврток	Лазо Осмаков	1600
	Прва Комуна	400
	Кумановска	600
	11ти Октомври	250

Забелешка: Во населеното место Горно Оризари центарот на населеното место се пере два пати во месецот.
Миењето на паркинзите ќе се извршува по потреба.

VI.3. РАЧНО ЧИСТЕЊЕ НА СНЕГ И МРАЗ ВО ЗИМСКИ УСЛОВИ

Во зимскиот период доколку паѓа снег, наместо ставка VI.1 од оваа Програма, изведувачот е должен рачно да го чисти снегот и мразот од улиците и тротоарите опишани во табелата подолу.
Рачното чистење опфаќа чистење на снегот и мразот од:

УЛИЦА	ОПИС	км
ЈХК Џинот	До спојот со ул Прохор Пчински	0,40
Прохор Пчински	/	0,50
Владимир Назор	/	0,90
Кирил и Методиј	/	0,50
Илинденска	Само тротоари на мост Гемиџии	
Маршал Тито	Тротоарот на левата страна - од Сармаале до Стоковна куќа - од Стопанска банка до Стар мост и Стар мост	2,20
Благој Ѓорев	Тротоарот на левата страна - од Пошта до спој на ул. Шефки Сали - од ул. Љубљанска до влезот на Касарната Тротоарот на десната страна - од Домот на АРМ до влезот на Касарната	1,10
Алексо Демниевски	Тротоарот од двете страни - од почетокот до зградата на Општина Велес	
Мало мовче	/	0,07
Пешачки надвозник на битолска пруга	/	0,04

VI.4 ВОНРЕДНО ОДРЖУВАЊЕ

ЈКП Дервен е должен да постапува и по издадени решенија од општинскиот комунален инспектор и овластениот инспектор за животна средина за чистење на мини-депонии и јавни површини кои се надвор од програмата, а кои се вонредно загадени и на кои е констатирано присуство на отпад од непознато потекло.

ЈКП Дервен ќе врши чистење на просторот по веднаш по одржување на јавни манифестации кои ги организира Општина Велес.

ЈКП Дервен е должен да врши отстранување на некролозите, плакатите и постерите од уличните столбови и дрвја со датум постар од две седмици.

VII.БУЏЕТ И ФИНАНСИРАЊЕ

Во оваа Програма предвидено е вкупно годишно одржување на јавните површини и тоа: метење - 5. 529.168 м2, миење – 7.349.600 м2, рачно чистење на снег и мраз во зимски услови – 16.670 м2. Вкупната површина за годишно одржување на јавните површини изнесува 12.895.438 м2. За одржување на оваа површина, со обем и фреквенција предвидена во програмата потребни се 8.080.560 денари.

Од ова произлегува дека одржување на јавна површина од м2 чини 0,63 денари/м2.

Во структурата на утврдувањето на вредноста на Програмата работната сила учествува со 79% од утврдената вредност, бидејќи активностите се трудово интензивни, а материјалните трошоци за изведување на активностите со 21%.

Активностите утврдени со оваа Програма ќе се финансираат од надоместокот за одржување на јавна чистота, кој согласно Законот за јавна чистота се средства на општината за финансирање на одржувањето на јавната чистота.

Висината на надоместокот се утврдува согласно обемот и активностите предвидени во Програмата. Секоја дополнителна измена на Програмата ќе влијае на висината на надоместокот за одржување на јавната чистота.

За финансирање на оваа Програма, Општина Велес ќе склучи договор со ЈКП Дервен, кој ќе врши месечно задолжување со доставување на фактура.

VII.НАДЗОР НАД СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Надзор над спроведување на оваа Програма врши општинскиот комунален инспектор.

За спроведените активности на терен, изведувачот ќе биде задолжен до Општина Велес да доставува месечни извештаи за извршената работа, а на крајот на годината и годишен извештај кој ќе биде доставен до Градоначалникот и Советот на Општина Велес.

IX. ВРЕМЕНСКИ РАСПОРЕД НА ОДРЖУВАЊЕ НА УЛИЦИТЕ (СЕДМИЧНО)

УЛИЦА	ОПИС	ДЕНОВИ ВО СЕДМИЦАТА					
		Понедел.	Втор.	Среда	Четв.	Петок	Саб.
Маршал Тито	од Пошта до Стара аптека	x	x	x	x	x	x
Алексо Демниевски	од Пошта до Жито Вардар	x	x	x	x	x	x
Благој Ѓорев	од Пошта до ул. Ленинова	x	x	x	x	x	x
Благој Ѓорев	од ул. Ленинова до гаража на ЈКП Дервен	x	x	x	x	x	x
Страшо Пинџур	/	x	x	x	x	x	x
Гоце Делчев	/	x	x	x	x	x	x
Илинденска	до мост Гемиџии	x	x	x	x	x	x
Петре Прличко	од Стар мост до хотел Вила Зора	x	x	x	x	x	x
Димитар Влахов	од пазар во Нова Населба до Железен мост	x	x	x	x	x	x

Панко Брашнар	/	x	x	x	x	x	x
Ленинова	/	x		x		x	
Марксова	/		x		x		x
Никола Карев	/		x		x		x
Наум Наумовски Борче	/	x		x		x	
Лазо Осмаков	/	x				x	
11.окт	/			x			x
Алексо Демниевски	од Жито Вардар до железничка станица		x		x		
Кумановска	/		x		x		
Димко Најдов	од Стар мост до летниковец (вклучува и чистење на канал од десната страна на улицата)	x					
Владимир Назор	/		x				
Самоборска	/			x			
Кирил и Методиј	од ООУ Кирил и Методиј до црква Свети Пантелејмон				x		

X. ВРЕМЕНСКИ РАСПОРЕД НА ОДРЖУВАЊЕ НА УЛИЦИТЕ (МЕСЕЧНО)

УЛИЦА	ДЕКАДА ВО МЕСЕЦОТ
Вардарска	I
Цар Самоил	I
Коле Неделковски	I
Крсте Мисирков	I
4ти Јули	I
1ва Комуна	I
Васил Ѓоргов	I
Костурска	II
8ма Велешка бригада	I
Тодор Јанев	II
ЈКК Џинот	I
Прохор Пчински	I
Орце Мартинов	III
Васил Главинов	II
Индустриска	II
Андон Шурков – Комплекс УЗУС	II
Моша Пијаде (до надвозник на ул. Индустриска)	II
Енгелсова	III
Никола Оровчанец	III
9ти Ноември	II
Кочо Рацин	II
Белградска	III
Луј Пастер	III
Љубљанска	II
Јован Алабаков	III
Ганчо Хаџи Панзов	III

XI. ВРЕМЕНСКИ РАСПОРЕД НА ОДРЖУВАЊЕ НА ПАРКИНГ ПРОСТОРИ, ПЛОШТАДИ, НАДВОЗНИЦИ И ПОДВОЗНИЦИ, ПРИСТАПНИ ПАТИШТА, СКАЛИЛА КОИ ПОВРЗУВААТ ДВЕ УЛИЦИ

ОПИС	ВЕРМЕНСКИ РАСПОРЕД
Паркинг до Основен суд	понеделник и петок
Паркинг до Градски пазар	понеделник и сабота
Паркинг до Саат кула	понеделник и четврток
Паркинг спроти касарна Алексо Демниевски Бауман	вторник и петок
Паркинг на Прва комуна	вторник и петок
Паркинг спроти библиотека Гоце Делчев	понеделник и четврток
Паркинг на пазар во Нова населба	понеделник и четврток
Плоштад Сармаале	секој ден освен недела
Уреден простор Гимназија	секој ден освен недела
Плоштад Панко Брашнар	понеделник
Уреден простор Народна кујна	среда
Плоштад Којник	секоја втора среда во месецот
Простор кај Варналиите	еднаш месечно
Простор кај Соколаана	еднаш месечно
Надвозник над Битолска пруга	петок
Подвозник кон Мало мовче	сабота
Подвозник ЈП Парк спорт	вторник
Влез во Велес од Штипско џаде од Костурница до Железен мост	квартално
Влез во Велес од Ветекс	квартално
Влез во Велес од манастир Свети Димитрија + генерално чистење за празник Балаклија	квартално

XII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од објавувањето во “Службен гласник на Општина Велес”.

Број 07-6368/2
12.12.2008 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
Славчо Чадиев с.р.

298.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучокот за усвојување на План за запишување на ученици во средните општински училишта во Општина Велес во учебната 2009-2010 година

Се објавува Заклучокот за усвојување на План за запишување на ученици во средните општински училишта во Општина Велес во учебната 2009-2010, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 12.12.2008 година.

Број 08-6414/3
16.12.2008 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 12.12.2008 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на План за запишување на ученици во средните општински училишта во Општина Велес за учебната 2009/2010 година

1. Советот на Општина Велес го усвои Планот за запишување на ученици во средните општински училишта во Општина Велес во учебната 2009/2010

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-6368/3
12.12.2008 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

299.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за усвојување на Извештај за работата на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти „Парк Спорт“ Велес за периодот од 01.01. до 30.09.2008 година

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за работата на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти „Парк Спорт“ Велес за периодот од 01.01. до 30.09.2008 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 12.12.2008 година.

Број 08-6414/4
16.12.2008 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 12.12.2008 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Извештај за работата на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти „Парк Спорт“ Велес за периодот од 01.01. до 30.09.2008 година

1. Советот на Општина Велес го усвои Извештајот за работата на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти „Парк Спорт“ Велес за периодот од 01.01. до 30.09.2008 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-6368/4
12.12.2008 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

300.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучокот за усвојување на Програма за работа и Финансиски план на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти „Парк Спорт“ Велес за 2009 година

Се објавува Заклучокот за усвојување на Програма за работа и Финансиски план на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти „Парк Спорт“ Велес за 2009 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 12.12.2008 година.

Број 08-6414/5
16.12.2008 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 12.12.2008 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Програма за работа и финансиски план на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти „Парк Спорт“ Велес за 2009 година

1. Советот на Општина Велес ја усвои Програмата за работа и Финансиски план на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти „Парк Спорт“ Велес за 2009 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-6368/5
12.12.2008 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

301.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за не усвојување на Извештај за Меѓународниот фестивал на античка драма „Стоби“ за 2008 година

Се објавува Заклучокот за не усвојување на Извештајот за Меѓународниот фестивал на античка драма „Стоби“ за 2008 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 12.12.2008 година.

Број 08-6414/6
16.12.2008 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 12.12.2008 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за не усвојување на Извештај за Меѓународниот фестивал на античка драма „Стоби“ за 2008 година

1. Советот на Општина Велес не го усвои Извештајот за Меѓународниот фестивал на античка драма „Стоби“ за 2008 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-6368/6
12.12.2008 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

302.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештај за работата на Организациониот одбор на културната манифестација Интернационален фолклорен фестивал „Велес“ за 2008 година

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за работата на Организациониот одбор на културната манифестација Интернационален фолклорен фестивал „Велес“ за 2008 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 12.12.2008 година.

Број 08-6414/7
16.12.2008 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 12.12.2008 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Извештај за работата на Организациониот одбор на културната манифестација Интернационален фолклорен фестивал „Велес“ за 2008 година

1. Советот на Општина Велес го усвои Извештајот за работата на Организациониот одбор на културната манифестација Интернационален фолклорен фестивал „Велес“ за 2008 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-6368/7
12.12.2008 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

303.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештај за работата на Организациониот одбор на културната манифестација „Рацинови средби“ за 2008 година

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за работата на Организациониот одбор на културната манифестација „Рацинови средби“ за 2008 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 12.12.2008 година.

Број 08-6414/8
16.12.2008 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 12.12.2008 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Извештај за работата на Организациониот одбор на културната манифестација „Рацинови средби“ за 2008 година

1. Советот на Општина Велес го усвои Извештајот за работата на Организациониот одбор на културната манифестација „Рацинови средби“ за 2008 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-6368/8
12.12.2008 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

304.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештај од делегираните надлежности од физичко лице во канцеларијата на Општина Велес во с.Горно Оризари

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот од делегираните надлежности од физичко лице во канцеларијата на Општина Велес во с.Горно Оризари, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 12.12.2008 година.

Број 08-6414/9
16.12.2008 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 12.12.2008 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Извештај од делегираните надлежности од физичко лице во канцеларијата на Општина Велес во с.Горно Оризари

1. Советот на Општина Велес го усвои Извештајот од делегираните надлежности од физичко лице во канцеларијата на Општина Велес во с.Горно Оризари.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-6368/9
12.12.2008 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

305.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решение за давање согласност на Статутот на Ученички дом „Лазар Лазаревски“ Велес

Се објавува Решението за давање согласност на Статутот на Ученички дом „Лазар Лазаревски“ Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 12.12.2008 година.

Број 08-6414/10
16.12.2008 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02),член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.12/06), а во согласност со член 3 од Одлуката за превземање на основачките права на ученичкиот дом „Лазар Лазаревски“ Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.15/08),

Советот на Општина Велес на својата одржана седница на 12.12.2008 година донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за давање согласност на Статутот на Ученички дом „Лазар Лазаревски“ Велес

1. Со ова решение се дава согласност на Статутот на Ученичкиот дом „Лазар Лазаревски“ Велес, донесен од Управниот одбор на Ученичкиот дом „Лазар Лазаревски“ Велес на седницата одржана на ден 12.11.2008 година.

2. Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-6368/10
12.12.2008 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

306.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решение за именување членови на Комисијата за избор на добитник на Актерска награда за животно дело „Петре Прличко“

Се објавува Решението за именување членови на Комисијата за избор на добитник на Актерска награда за животно дело „Петре Прличко“, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 12.12.2008 година.

Број 08-6414/11
16.12.2008 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 7 од Одлуката за востановување на Актерска награда за животно дело „Петре Прличко“ („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.3/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 12.12.2008 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за именување на членови на Комисијата за избор на добитник на Актерска награда за животно дело „Петре Прличко“

1.За членови на Комисијата за избор на добитник на Актерска награда за животно дело „Петре Прличко“ се именуваат:

- Ѓорѓи Бисерков-Дампе – актер,
- Александар Микиќ-актер, и
- Александар Ивановски – режисер

2. Мандатот на членовите на Комисијата трае до доделувањето на наградата.

3. Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-6368/11
12.12.2008 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

307.

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/02), член 92-а, став 15 од Законот за изменување и дополнување на Законот за средното образование (“Службен весник на РМ” бр. 67/04), а согласно Јавниот оглас за избор на директор на СОУ Гимназија “Кочо Рацин” Велес, од 02.10.2008 година,

Градоначалникот на Општина Велес на ден 20.11.2008 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за избор на директор на Средното општинско училиште Гимназија „Кочо Рацин“ Велес

1.За директор на Средното општинско училиште Гимназија „Кочо Рацин“ Велес се избира:

-Горданчо Стојчевски од Велес дип.проф. по спорт и спортски активности

2.Директорот раководењето со Средното општинско училиште Гимназија „Кочо Рацин“ Велес ќе го извршува од 21.11.2008 година, во траење од 4 (четири) години.

3. Се задолжува Училишниот одбор на Средното општинско училиште Гимназија „Кочо Рацин“ Велес, да ги извести кандидатите за извршениот избор.

4.Ова решение стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 21.11.2008 година и ќе се објави во “Службен гласник на Општина Велес”.

Правна поука: Против ова решение кандидатите имаат право на жалба во рок од 8 дена од денот на приемот на решението до Второстепената комисија на Владата на Република Македонија надлежна за решавање на прашања од областа на работните односи.

Решено под број 08-5505/2
20.11.2008 година
Велес

Образложение

Согласно член 92-а од Законот за изменување и дополнување на Законот за средното образование ("Службен весник на РМ" бр. 67/04), Градоначалникот на Општина Велес од 21.08.2008 год. достави решение за поведување на постапка за распишување на Јавен оглас до Училишниот одбор на СОУ Гимназија„Кочо Рацин" Велес. Јавниот оглас за избор на директор на СОУГимназија „Кочо Рацин" Велес беше спроведен на 02.10.2008 година и од страна на Училишниот одбор до Градоначалникот е доставен предлог за избор на директор согласно условите кои ги исполнуваат кандидатите.

Врз основа на предлогот за избор на директор на Училишниот одбор на СОУ Гимназија „Кочо Рацин" Велес бр. 0302-634/2 од 05.11.2008 година се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с,р

Бр на акт **Страница**

296	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за утврдување на Нацрт-Буџет на Општина Велес за 2009 година** **З А К Л У Ч О К за утврдување на Нацрт-буџет на Општина Велес за 2009 година**	**522**
297	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучокот за донесување на Програма за одржување на јавната чистота на територијата на Општина Велес за 2009 година** **З А К Л У Ч О К за донесување на Програма за одржување на јавната чистота на територијата на Општина Велес за 2009 година** **П Р О Г Р А М А ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНАТА ЧИСТОТА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ВЕЛЕС ЗА 2009 ГОДИНА**	**522**
298	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучокот за усвојување на План за запишување на ученици во средните општински училишта во Општина Велес во учебната 2009-2010 година** **З А К Л У Ч О К за усвојување на План за запишување на ученици во средните општински училишта во Општина Велес за учебната 2009/2010 година**	**536**
299	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за усвојување на Извештај за работата на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти „Парк Спорт“ Велес за периодот од 01.01. до 30.09.2008 година** **З А К Л У Ч О Кза усвојување на Извештај за работата на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти „Парк Спорт“ Велес за периодот од 01.01. до 30.09.2008 година**	**536**
300	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучокот за усвојување на Програма за работа и Финансиски план на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти „Парк Спорт“ Велес за 2009 година** **З А К Л У Ч О К за усвојување на Програма за работа и финансиски план на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти „Парк Спорт“ Велес за 2009 година**	**537**
301	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за не усвојување на Извештај за Меѓународниот фестивал на античка драма „Стоби“ за 2008 година** **З А К Л У Ч О К за не усвојување на Извештај за Меѓународниот фестивал на античка драма „Стоби“ за 2008 година**	**537**

Бр на акт **Страница**

302	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештај за работата на Организациониот одбор на културната манифестација Интернационален фолклорен фестивал „Велес“ за 2008 година** **З А К Л У Ч О К за усвојување на Извештај за работата на Организациониот одбор на културната манифестација Интернационален фолклорен фестивал „Велес“ за 2008 година**	**538**
303	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештај за работата на Организациониот одбор на културната манифестација „Рацинови средби“ за 2008 година** **З А К Л У Ч О К за усвојување на Извештај за работата на Организациониот одбор на културната манифестација „Рацинови средби“ за 2008 година**	**538**
304	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештај од делегираните надлежности од физичко лице во канцеларијата на Општина Велес во с.Горно Оризари** **З А К Л У Ч О К за усвојување на Извештај од делегираните надлежности од физичко лице во канцеларијата на Општина Велес во с.Горно Оризари**	**539**
305	**З А К Л У Ч О К за објавување на Решение за давање согласност на Статутот на Ученички дом „Лазар Лазаревски“ Велес** **Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Статутот на Ученички дом „Лазар Лазаревски“ Велес**	**539**
306	**З А К Л У Ч О К за објавување на Решение за именување членови на Комисијата за избор на добитник на Актерска награда за животно дело „Петре Прличко“** **Р Е Ш Е Н И Е за именување на членови на Комисијата за избор на добитник на Актерска награда за животно дело „Петре Прличко“**	**540**
307	**Р Е Ш Е Н И Е за избор на директор на Средното општинско училиште Гимназија „Кочо Рацин“ Велес**	**540**

Издавач: Општина Велес, телефон 232-406, 232-966,

Буџет на Општина Велес
Сметка: 100000000063095 Народна банка на РМ
Сметка на буџетски корисник: 711014100963010
Приходна шифра и програма 725939 - 00